# ОСВРТИ

Војо Д. КУШЕВСКИ

## 40 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО И РАБОТАТА НА ЕДНОГОДИШНИОТ КУРС ЗА ПРЕДАВАЧИ ВО НИЖИТЕ КЛАСОВИ НА ГИМНАЗИИТЕ (1945/1946 Г.)

Во ноември 1945 година започна со работа Едногодишниот Курс за предавачи во нижите класови на гимназиите во Скопје.

Повеќе причини ни даваат за право овој јубилеј да се одбележи нешто повеќе од вообичаена средба на една генерација просветни работници, која во учебната 1945/46 година се најде во школските клупи, а денес веќе стасале да бидат пензионери.

И денес кога се обзирнуваме наназад, на нашиот изминат пат ќе се согласиме дека времето на формирањето на овој Курс беше исклучително во многу нешта, па и во областа на просветата и школството.

Тоа беа денови, месеци и години кога пред сите општествено-политички фактори, пред нашите работни колективи, пред секој наш граѓанин, а посебно пред просветната интелигенција, се исправија крупни задачи, што стоеја и пред нашето школство. Тоа за кратко време, меѓу другото, требаше не само да се проширува, да израсне во општонародно, туку и да се преобразува со премавнување на негативните рецидиви од минатото, не само оние од идеолошка и стручна природа, туку требаше да се менува и школскиот систем.

И формирањето на едногодишниот курс за предавачи во нижите класови на гимназиите во почетокот на ноември 1945 година, е дел од ланецот на многубројните напори и мерки на надлежните органи за решавање на многубројните натрупани проблеми од минатото, пред кои се најде нашето школство по ослободувањето. А едниот од најтешките проблеми — кадровското прашање за предметна настава — беше претпоставка за отстранување не само на заостанатоста, туку и остварувањето на задачите што пред нашето школство ги постави времето на обновата и изградбата на нашата земја, а особено реализацијата на Петогодишниот план. Една од неодложните задачи што тогаш се постави беше изградувањето на основното седумго-

дишно односно осумгодишно задолжително образование. Меѓутоа, недоволниот број наставници за предметна настава за овие училишта и за нижите класови на гимназиите, претставуваше еден од крупните проблеми на нашето школство, кој мораше да се решава упорно и низ разни облици

Затоа во министерството за просвета на Федерална Македонија, се зароди мислата за отворање на Едногодишен курс за предавачи во нижите класови на гимназиите (1945 година). И веројатно во земјата тоа е прва виша школска институција за образование на наставен кадар за предметна настава по ослободувањето (изземајќи ги таквите институции во Белград пред војната), односно на наставен кадар со виша стручна подготовка.

По распишаниот конкурс од Министерството одзивот на конкурсот не беше мал. При првиот упис, беа избрани и запишани 60 слушатели.

Тоа беа младинки и младинци со завршено средно (гимназиско) образование, мотивирани од љубовта кон наставно-педагошката работа со цел да придонесат во културно-просветното издигнување на својот народ. Претежно беа активисти на Народноослободителното движење, членови или кандидати на КПЈ, СКОЕВ-ци, а не мал број од нив по демобилизирањето од Југословенската армија се најдоа во школските клупи и во воени униформи.

Бившото министерство за просвета на Федерална Македонија, се погрижи за материјалното обезбедување на курсистите кои не беа во состојба да се издржуваат по војната, посебно оние од Егејска Македонија. Ним им беше обезбедено бесплатно сместување во интернатите на Школата за народни учители во Скопје, а се хранеа бесплатно, со добивање на месечна стипендија во вредност од тогашни 1250 дин.

Втор значаен потег тогашното Министерство за просвета стори кога одобри и вработените учители со оформено средно образование (со гимназија или учителска школа) дополнително да се запишат на Курсот, по завршувањето на наставата во училиштата, во учебната 1945/46 год., и да се вклучат во наставата на Курсот, која продолжи за време на големиот школски распуст. И овој пат одзивот не беше мал. Имено, на Курсот се јавија 62 нови слушатели, така што заедно со 60-те „стари" слушатели, запишани во октомври 1945, бројот на посетителите стана двојно поголем, 129. (Прегледот на запишаните по групи е следниов: на групата за македонски јазик и литература 28, на историја и географија 23, на групата за математика и физика 28 и на групата по биологија и хемија 22 слушатели.) „Старите" слушатели на Курсот, несебично и другарски ги прифатија „новите" колеги и им помогнаа со материјали, белешки, прирачници, со здружно учење, преку кружоци и други облици на колективна работа, со цел и тие да се вклучат во наставата и успешното завршување на Курсот.

*
*  *

Организацијата на наставата на Курсот, беше врз системот на двопредметни наставни групи (специјалисти) — со исклучок на групата за македонски јазик и литература — како и на вишите школи за школување на наставни кадри, и тоа: за македонски јазик и литература, историја и географија, математика и физика и биологија (природознание) и хемија. Покрај специјалистичките предмети (застапени со по четири часа неделно) се слушаа предавања и од педагошка група предмети, македонски и руски јазик и дијалектички и историски материјализам (со по два часа седмично). Наставата се одвиваше секој ден (претпладне и попладне). Тоа зборува за нејзиниот интензитет, за напорот во работата на професорскиот кадар, како и на слушателите. По предметите од потесната специјалност се одржуваа и семинарски вежби, со по два часа дневно. Семинарските вежби, како и практичните вежби по физика, хемија, биологија и др. обично се одржуваа попладне. Во текот на второто полугодие, односно во III-иот семестар, курсистите имаа практични вежби и од дидактиките на предметите од потесната специјалност. Имено, тие хоспитираа и одржуваа практични наставни часови во тогашната Женска гимназија во Скопје, за народни учители и во други средни училишта во Скопје.

Значи, организацијата на наставата, наставната програма и предавањето, беа на рамниште на виша школа за формирање на наставници за изведување предметна настава.

Треба да се констатира дека за предавањето на Курсот беше ангажиран најквалитетниот професорски кадар со кој тогаш располагаше Федерална Македонија. Тоа беа способни и афирмирани професори со наставничко искуство, со прогресивна идејно-политичка ориентација, дел од кои беа активно вклучени во Народноослободителното движење. Дека беа ценети и со висока стручна и методска подготвеност, зборува и фактот, што скоро сите наши професори беа ангажирани и избрани за универзитетски наставници и професори и како професори на Вишата педагошка школа. Претежен дел од нив беа основоположници на македонистиката, писатели, истакнати научници и академици — членови на МАНУ.

Меѓу нив ги споменуваме: Крум Тошев, Васил Иљоски, Христо Зографов, Крум Кепески, Ристо Проданов, Мирко Павловски, Блаже Конески (на групата за македонски јазик и литература); Љубен Лапе, Димче Стојанов — Мире, Илија Панов, Љубо Петровиќ, Тодор Кондев, Павле Даскалов (на групата за историја и географија); Ордан Печијаре, Јоже Улчар, Илија Келкоцев, Трајко Никуљски (на групата за математика и физика); и Пенчо Икономов, Лав Лозински, Ѓорѓи Андасар-

ски, Стојан Манасиев и Вера Љубецка (на групата за биологија и хемија). За групата општи (заеднички) предмети, предавањата ги држеа следниве професори: Епаминонда Поп Андонов, детска и младинска психологија, општа педагогија и општа дидактика, Михаил Оленин и Наталија Коњева, — руски јазик, проф. Крум Кепески и Крум Тошев, по македонски јазик, а факултативните предавања по дијалектички и историски материјализам ги одржуваше проф. Деса Миљовска, па потоа Димче Најдески.

Со исклучителни напори на професорскиот кадар и на слушателите е обработен значаен и обемен наставен материјал, предвиден според наставните програми, со примена на семинарски вежби, педагошка методска практика, а од друга страна храбри сме да констатираме дека ефективноста од усвоените знаења и оспособеноста на кадрите била исто така на задоволително рамниште. Испитите беа одржани при крајот на септември (почеток на октомври) 1946 година. Од специјалистичките предмети се полагале писмен и усмен испит, додека од општите само усмен испит. Резултатите од испитите беа задоволителни. Имено, од 99 пријавени слушатели 82 (над 80%) ги положија испитите. Дел од пријавените можеа и преку поправни испити да дипломираат.

По овој повод искажуваме признание и благодарност на целиот професорски кадар на чело со раководството на курсот на пок. проф. Христо Проданов и проф. д-р Ордан Печијаре, кои вложија голем труд околу редовното одвивање на наставата и во решавањето на тековните прашања од наставна или лична природа.

Скоро 100 посетители по завршувањето на Курсот беа распоредени во училиштата во Македонија (по македонски јазик и литература 36; по историја и географија 18; по математика и физика 18 и по природознание и хемија 20).

За илустрација колку заедницата пред 40 години имаше потреба од кадри за предметна настава во секторот на школството, да допуштиме да зборуваат следниве податоци:

По завршувањето на Курсот во учебната 1945/47 г. од 99 колеги **само** четворица добија места во осумгодишните училишта во четири селски населби. Останатите 95 (или 93%) беа назначени во полните и неполните гимназии, од кои 70-мина (или 69%) наставници беа разместени во **полните** гимназии (Титов Велес, Битола, Штип, Скопје, Прилеп, Куманово, Струмица, Тетово, Охрид, Кавадарци и Кочани). (При тоа само Битолската гимназија и тамошната школа за народни учители добија 10 наставници, Гимназијата во Прилеп 9, средните училишта во Скопје 6, Полната гимназија во Куманово 5, Гимназијата во Струмица 5, во Штип 5, во Тетово и Охрид по 4 наставници . . .).

Значи распоредот на овие кадри беше врз основа на потребите **главно на средните школи** — гимназиите и школите за

народни учители. Дури оние кои беа родени од источна добија места во гимназиите во западниот дел на Македонија, и обратно.

Податоците ги изнесуваме не случајно, зашто за тогашните прилики многу значеше во слободна Македонија да се назначат во средните училишта 95 предметни наставници. Тоа беше крупен чекор кон консолидација на нашето средно школство, чуствително подобрување на квалификационата структура на наставниот кадар во средните училишта. Покрај оваа констатација, извлечена од статистичките податоци, тоа значеше и бележливо освежување на тогашните (полни и неполни) гимназии со нови млади сили на интелектуалци, кои со својот работен ентузијазам и патриотизам, многу придонесоа за квалитетно подобрување на наставата... зашто тоа беше прв наставен кадар којшто е **школуван и оквалификуван,** оспособуван низ настава заснована на мајчин — литературен јазик и настава заснована врз марксистички научни, идејни и методолошки основи и поставки.

При тоа, што е од посебна важност, што треба да се има предвид и подвлече — половината од овој наставен кадар, по ослободувањето (во слободна Македонија) прв слушал, студирал и се здобил со систематски и поцелосни знаења и се оквалификувал за изведување настава по национална група предмети: македонски јазик и историја на литературата на македонскиот народ, по историја на македонскиот народ, од историјата на Народноослободителната војна и Револуцијата на југословенските народи и народности, респективно и на македонскиот народ, и од национална географија!

Од колкава важност беа овие кадри зборува и податокот што на дел од нашите колешки и колеги, им беше доверена значајна културно-просветна мисија во Пиринска Македонија (по Бледската спогодба меѓу Тито и Димитров), кога нашите собраќа таму добија културна автономија. Имено, меродавните фактори на Републиката, посебно бив. Министерство за просвета, имаа на располагање кадар по предметна настава од национална група предмети — од оние што го завршиле Едногодишниот курс за предметни наставници — на којшто тие беа први кадри што слушаа и се оспособија за наставници по македонски јазик и литература, по историја и географија. Значи можеме да одбележиме дека НР Македонија можеше тогаш да одговори на потребите — барањата во Пиринска Македонија да испрати квалитетни, способни наставни кадри за национална група предмети!

Доверената мошне одговорна задача и национална мисија, тие ја извршуваа достојни на својата професија — на името на просветен работник, и како граѓанин — припадници на Титовата земја — Југославија.

Еве зошто овој јубилеј ни е посебно драг!

Овие нови наставни кадри за предметна настава, што во учебната 1945/47 година беа вработени во гимназиите, беа реална претпоставка за успешното функционирање на политиката на нашето општество во земјата и во НР Македонија за прифаќање и дошколување не само на оние на кои што учеството во НОВ и Револуцијата им го прекрати школувањето (во т. н. „партизански гимназии"), туку и на маса трудбеници жедни за знаења, за школување, за оквалификување. Тоа беше времето на посебни напори — **посебно на просветните работници**, кои покрај дневните обврски, работеа и попладне, до доцните вечерни часови, со вонредните ученици во вечерните школи.

Напомнуваме дека и од денешните гледања на изминатото време, на тогашните, прилично амбициозни зафати, и планови, а и потреби во областа на школството и просветата воопшто, кога се водеше вистинска битка за подигнување на образовното рамниште на трудбеничките маси, посебно со продолжување односно подигнување не само на основното (од четиригодишно) на седумгодишно односно осумгодишно задолжително образование, туку и на вонредниот интерес (не само на потребите) дури и притисоците од внатрешноста за отворање средни училишта (гимназии и други стручни училишта) на граѓанството и за здобивање со средношколско — гимназиско или средно — стручно образование, — тоа можеше да се реализира само доколку Републиката располагаше, меѓу другото, и со доволно наставници за предметна настава! Оттука, околу 100 наставници, кои што тогаш беа поставени во училиштата 1945/46 /47 година, — беа насушна потреба. И кога по повод овој јубилеј — покрај реченото — свртувајќи се кон минатото, не би сакале да ги величиме своите заслуги и улогата, според онаа: секоја генерација се пофалува себе си, туку реално гледајќи, сметаме дека нам никој не ќе може да ни оспори дека бевме генерација на наставен кадар која што во право време, кога најмногу беше неопходна на школството се појави и го заземе своето место, и врз својот грб поприми не мали задачи и одговорности во унапредување не само на наставата, туку и ширењето на мрежата на средните училишта и достојно ги изврши. А за генерациите наставници со више и високо образование кои доаѓаа по нас, им беше релативно полесно.

А афирмација и сведоштво за третманот на оваа генерација наставен кадар, од општествената заедница, од органите на управата — со оглед и на организацијата на Курсот (врз принципот на виша школска установа за школување наставен кадар од вакви профили) — имајки го предвид и времетраењето на наставата на Курсот (скоро 4 семестри) — е што Владата на НР Македонија, врз основа на член 1 од Законот за овластување на Владата на НР Македонија за донесување уредби по прашањата од народното стопанство и обновата на земјата, по

предлог на претседателот на Советот за просвета, наука и култура — во 1951 година донесе **Уредба за одредување рангот на Едногодишниот курс за предавачи во долните класови на гимназиите.** Со член 1 од оваа Уредба „се израмнува со виша педагошка школа" Едногодишниот курс за предавачи во долните класови на гимназиите одржан во учебната 1945/1946 година во Скопје. Член 2 од Уредбата се однесува за израмнување на дипломите за свршениот Едногодишен курс за предавачи во долните класови на гимназиите со дипломите за завршена Виша педагошка школа, и ги даваат правата што ги имаат лицата со свршена виша педагошка школа. Уредбата е потпишана од претседателот на Владата на Народна Република Македонија Лазар Колишевски и Министер — претседател на Советот за просвета, наука и култура Даре Џамбаз.

Содржината на Уредбата ја презентираме за да се потсетиме на една од петте Цицеронови определби за историјата — како **vita memoriae**, и дека истата е донесена како своевидно признание на генерацијата — здобиено низ осведоченото солидно, совесно извршување на нејзината висока општествена и хумана професија во воспитувањето и образованието на младите југословенски генерации низ едукативните институции.

А постои и еден друг документ — којшто е своевиден атест — и тоа архивски и официјален, во кој во еден пасус од образложението на Републичкиот орган за просвета (бив. Совет за просвета, наука и култура на НР Македонија), на предлогот на наведената Уредба, стои следнава оценка, за оние што го завршиле Курсот:

„Сведенијата со кои располага овој Совет преку директорите на гимназиите и учителските школи, инспекторите на бившото Министерство за просвета и придружниците на матурските испити, а по однос на квалитетот на знаењата и работата како предавачи, говорат дека се тоа најподготвените предавачи што до денес излегле од Вишата педагошка школа во Скопје", И натаму:

„По недостиг на предавачи — вишисти во гимназиите, истите со успех предавале и предаваат во горните класови на гимназиите, изведуваат матурски испити итн. Кај сите има тенденција за понатамошно усовршување. Многумина од нив се вонредни студенти на Филозофскиот факултет..." (Податоците се земени од Архивот на Македонија, Фонд Министерство за просвета на НРМ, к. 98).

Цитираното е најдобро и најдрагоцено наше колективно школско сведителство — признание за нашата наставничка работа и најдоброто што би можело да се посака од вистинскиот и искрен просветен работник, затоа што е дадено и доаѓа од одговорни функционери, од органи и фактори од Министерството за просвета (тогаш не постоеја сè уште заводите за школ-

ство) — компетентни за давање вакви и слични судови. А ова признание не е ефемерно. Зашто таквата описна оценка се формулира во текот на повеќегодишен труд, преку набљудување на наставната работа на оваа генерација предавачи на првиот виш наставен кадар во слободна Македонија, и тоа од стручни лица!

Точна е горната констатација дека не мал дел од нашите колеги и колешки ги искористија поволните услови за школување, односно вертикалната проодност што го обезбедуваше и обезбедува нашиот школски систем односно нашата социјалистичка заедница, како вонредни студенти на соодветни факултети (групи) да го оформат и своето факултетско образование.

А во својата наставно-педагошка струка, дел од генерацијата (колешките и колегите) заземаа и заземаат раководни функции, било како рботоводни органи на основните училишта, на средните школи и на воспитните ученички домови и др., или беа односно се на работа или соработници на републичките органи или на регионалните или републичкиот завод(и) за унапредување на воспитувањето и образованието и др.

Во своето стручно усовршување и како истакнати наставници некои од нашите колешки и колеги, станаа и професори на вишите педагошки школи, дури се здобија и со академски звања и работеа како универзитетски научно-наставен кадар (универзитетски професори).

Со задоволство може да констатираме дека од нашите редови се појавиле колешки и колеги и како автори на научни, стручни и литературни дела, како автори или коавтори на учебници и прирачници, од своето стручно подрачје. Тие биле и рецензенти на одредени ракописи или уредници на стручно-научна периодика итн.

Многумина се носители на одликувања, благодарници, разни признанија, повелби дури и на републички награди, на високи почесни звања во областа на просветата, како „истакнати просветни работници“ и др.

*

*　　*

Едногодишниот курс за предавачи во нижите класови на гимназиите, организиран во 1945/46 учебна година, несомнено зазема видно место во подготвувањето на наставните кадри за предметна настава во СР Македонија. Што се однесува до оваа прва генерација, таа изврши значајно влијание за ширењето и унапредувањето на образованието и воспитувањето и воопшто на развојот на школството кај нас. Формирањето на овој Курс, и резултатите што беа постигнати во школувањето и што ги постигнаа овие школувани наставници, се покажа како една навремена и мошне успешна државничка мерка на тогашниот ре-

публички орган за просвета (Министерството), зашто со овој потег, меѓу другото, за релативно кусо време Македонија се здоби со квалитетен наставен кадар за предметна настава. Со тоа на време беше решен односно започна интензивно да се решава еден мошне важен проблем во школството.

Во оваа смисла може слободно да се одбележи дека овој Курс ги оправда не само очекувањата на надлежните фактори и на општеството, туку воедно претставуваше искуство и определување на бив. Министерство за просвета за донесување брзо решение за формирање веќе во наредната 1947 година, на првата Виша педагошка школа во Скопје за продолжување школувањето на вакви наставни кадри во Републиката.

Сето тоа како определена долгогодишна политика на изградување виш наставен кадар, значеше крупна навремена и мудра мерка за Македонија која што релативно брзо и континуирано по ослободувањето обезбедуваше квалификувани наставни кадри со више образование.

Одбележувањето 40-годишнината од основањето и отпочнувањето работата на Едногодишниот курс за предавачи во нижите класови на гимназиите ќе значи афирмација на значаен настан во историјата, во развојот на македонското и југословенското школство по ослободувањето и на правилната политика што републичките органи, на чело со Владата (тогашното Министерство за просвета на Федерална Македонија) ја водеа во поглед изградувањето на нашето школство воопшто и посебно на еден од неговите фундаменти — наставниот кадар за предметна настава.

А во вакви поводи, на крајот го свртуваме прашањето и врз самите нас: дали достојно сме ја вршеле и извршувале оваа возвишена функција — што го носи името на просветен работник, кому родителите и општеството им ги доверуваат триесет и пет и четириесет млади генерации?

Издреченото, посебно признанијата од меродавните фактори за нас, за генерацијата, треба да значат најголема сатисфакција, поголема дури од било какви симболични ознаменувања или од материјалните стимуланси.

Затоа на вакивот наш 40-годишен јубилеј ние излегуваме пред општеството со ведро и чисто лице, пред оние кои ни ја укажаа довербата пред 40 години!

И во горната смисла, нека ни е честит јубилејот!